Health

Fitness & Wellness Expo

Хотел Александар Палас
25-27 Септември 2015

Health, Fitness & Wellness Expo е најголемиот интегриран Total Health настан наменет да промовира повисок квалитет на живот. На HFWE ќе учествуваат изложувачи кои ќе ги демонстрираат своите производи, опрема и услуги од безмалку сите здравствени, велнес и фитнес практики кои ги познаваме.



# ИДЕЈА И ЦЕЛ

Според зборовите на Dr. Karnasiewicz, основач на Health and Fitness Foundation: „Повеќето од нас имаат тенденција да го делат здравјето на мали делови – што јадеме, што или дали вежбаме, медицински прегледи, како се релаксираме и негуваме, земање на витамини и суплементи, лекарства – но различните дисциплини меѓусебно не се исклучуваат!“. Токму затоа, пристапот и фокусот на Health, Fitness & Wellness Expo е уникатен – поврзување на сите елементи на едно место за секој да одбере што најмногу му одговара.

Развивањето на свеста за здравјето е процес, и тоа различен за секој. Health, Fitness & Wellness Expo е дизајниран да образува и поттикне поздрав животен стил, здрава исхрана, превенција на болести, превенција на прекумерна телесна тежина преку активен животен стил и одржување на здрава форма. Целокупниот фокус на HFWE е на превенција и учење, а секој посетител ќе извлече нешто уникатно од неговото искуство на Health, Fitness & Wellness Expo.

MOMENTUM

# Од глава до пети...

Областите кои Health, Fitness & Wellness Expo ги опфаќа се:

- ЗДРАВА ХРАНА И ИСХРАНА, нутриционизам;

- ФИТНЕС И СПОРТ – последните технологии во фитнес опрема, спортски производи, облека и обувки за спорт, сали за вежбање, фитнес консултанти, фитнес програми – аеробик, пилатес, јога, PowerPlate, Electromuscular Stimulation Training, програми за намалување на телесната тежина, итн;

- ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНАТА - витамини, суплементи, спортски нутриционизам и додатоци, имуномодулатори, имуностимулатори, додатоци за намалување на телесната тежина...

- ПРОГРАМИ ЗА ЦЕЛОСЕН ВЕЛНЕС – здравје и нега, џакузи, спа, сауна, спа резорти, производи и опрема за масажа, кислородни третмани, халотерапија, диети и детоксификација, арома терапија, техники за намалување на стрес и тн;

- СПОРТСКИ ПОМАГАЛА, ортопедски помагала, терапевтска масажа и физикална терапија;

- НЕГА И КОЗМЕТИКА - последните технологии во козметиката, козметички производи за убавина, производи и опрема за лична нега, медицинска козметологија, центри за нега на кожа и убавина, салони за убавина, дерматолошки ординации, ласерски третмани;

- МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТРИ, центри за убавина и велнес, фармацевтски куќи;

- АЛТЕРНАТИВНА МЕДИЦИНА - акупунктура, хомеопатија, центри за медитација и јога, итн;

- ГОЛЕМ БРОЈ ДРУГИ ОСТАНАТИ ДЕЈНОСТИ поврзани со здравиот живот - образование и тренинг, книги за фитнес, спорт, нутриционизам, здравствен туризам и резорти, производи за велнес на работното место, магазини/публикации итн.



# ЗОШТО ДА УЧЕСТВУВАМ?

*Учеството на HFWE е не само презентација, туку и директно доживување и искуство со вашиот бренд, производ, услуга!*

1. Поврзување со нови клиенти кои имаат интерес, куповна моќ и подготвеност да се посветат на здрав животен стил;
2. Запознавање на идни соработници;
3. Претставување на нови производи и програми;
4. Поврат на инвестиција преку можност за директна продажба;
5. Пристап до сопственици и менаџери на бизниси од индустријата;
6. Интеракција во четири очи;
7. Дистрибуција на купони за саемски попуст и здобивање со нови клиенти;
8. Зацврстување на имиџот на брендот и градење на свесност за брендот;
9. Проценување на конкуренцијата;
10. Оценување на домашниот пазар;
11. Подобрување на вашата маркетинг мрежа;
12. Анимиран изложбен простор за слободно и креативно уредување на изложувачот, со впечатливи и карактеристични елементи кои ќе го привлечат вниманието на посетителите...

ИЗЛОЖБЕНИОТ ПРОСТОР НА HFWE Е АТРАКТИВНА И ФУНКЦИОНАЛНА АЛАТКА ЗА БЛИСКА ИНТЕРАКЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА НА ЦЕЛНАТА ПУБЛИКА, ПОБУДА НА ИНТЕРЕС ЗА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ, ЗАПОЗНАВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА ПРЕД ЦЕЛНАТА ГРУПА НА ИЗЛОЖУВАЧОТ.



Health Fitness & Wellness Expo

MOMENTUM

# Активности

Кардио денс зона со аеробик, зумба, пилатес, јога отворени сесии, мини спортски натпревари, перформанси од студија за танц и аеробик, демонстрации и промоција на најразлични спортови и спортски клубови, здрава и фит анимација за деца, награди за социјално влијание за најактивните на социјалните мрежи, рецепти за здрава исхрана, свечено отварање со познати експерти од индустријата...

# Таргет публика

Health, Fitness & Wellness Expo ги привлекува најдинамичните, активни потрошувачи во Скопје и пошироко. Со оглед на зголемениот фокус на здрав животен стил, очекуваме над 2.500 посетители. Нашите посетители се еден од најбрзо растечките пазарни сегменти со висока куповна моќ. Овие потрошувачи се сериозни купувачи кои веќе преземале чекори кон поздрав живот, себе-подобрување и фитнес.

Очекуваната публика е:



60% женски
40 % машки
пол

19 - 65 години
возрасен распон

Голем сегмент од оваа публика се прогресивни, активни и свесни за здравјето млади лица меѓу 20 - 45 години!

**Добро образовани.** Најголем дел од посетителите со високо образование.

**Активни** и во потрага по **совети**, **услуги** и **производи** за здравје, фитнес и велнес;

Подготвени да **потрошат пари** за подобрување и збогатување на животниот стил и личниот раст.

# Промоција и ПР

Од аспект на промоција и ПР, придобивките за Вашиот бизнис се следниве:



**1** Поврзување на вашиот бренд со над 2.000 посетители и репрезентативци од велнес индустриите;

**2** Медиско изложување (ТВ – принт – онлајн) со допир до повеќе од 200.000 лица;

**3** Хиперлинк на нашиот веб сајт;

**4** Промоција преку социјални медиуми и тоа Facebook, Twitter, LinkedIn, YouTube, блог и newsletter на HFWE;

**5** Соопштенија до и покриеност од различни медиуми (портали, радио, тв) недели пред настанот;

**6** Можност за директна продажба на настанот, дегустација, купони и саемски попусти;

**7** Можност за организација на самостојни натпревари и активности во рамки на вашиот изложбен простор, во насока на позитивен ПР, промоција на социјалните медиуми, награди за победниците/учесниците;

**8** Можност за обраќање на настанот;

**9** Уредување на изложбениот простор со секаков тип на банери, промотивен и репрезентативен материјал, директен контакт на посетителите со ваши претставници

**10** Проширување на мрежата со други здравствени, фитнес и велнес ориентирани бизниси во Скопје;

Health, Fitness &Wellness Expo

MOMENTUM

# ИЗЛОЖУВАЧИ



ИЗЛОЖУВАЧИТЕ, ЗАВИСНО ОД ПОТРЕБАТА МОЖАТ ДА ЗАКУПАТ ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР ОД 18 м$^2$, 15 м$^2$, 12 м$^{м}$ ИЛИ 9 м$^2$. СИТЕ ИЗЛОЖБЕНИ ПРОСТОРИ СЕ ОПРЕМЕНИ СО МАСА, СТОЛЧИЊА И ПРИКЛУЧОК ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА.

18м$^2$

15м$^2$

12м$^2$

9м$^2$

**Заинтересирани?**

Контактирајте не на:
078 44 50 28
momentum.inc@momentum.mk

# Спонзори



## Social Investment спонзор

*ограничена на 5 спонзори

- Изложбен простор од 18м2;
- Предност во избор на локација на изложбениот простор;
- Објави во текот на HFWE (меѓу активности) за информирање на посетителите за вашето спонзорство;
- Континуирано маркетиншко промовирање на Блогот на HFWE пред настанот со цел промовирање на Вашиот бизнис;
- Континуирано маркетиншко промовирање на Twitter/Facebook/YouTube/LinkedIn;
- Признание на страната за спонзори на веб сајтот на Моментум, со хиперлинк до Вашата веб страна;
- Една правоаголна/овална маса и 4 столици;
- Лого во програмата на активности;
- 25 бесплатни влезници за настанот.

## ГЕНЕРАЛЕН спонзор

*ограничена на 3 спонзори

- Изложбен простор до 24м2, според потреба;
- Предност во избор на локација на изложбениот простор;
- Објави во текот на HFWE (меѓу активности) за информирање на посетителите за вашето спонзорство;
- Ексклузивност во спонзорството според индустриската категорија;
- Право на прво одбивање на спонзорството за следниот HFWE;
- Признание како генерален спонзор на постерите за HFWE (дистрибуција на терит. на град Скопје 4 недели пред настанот);
- Поставување на банер на влезот на салата на HFWE;
- Лого на папки/кесички за материјали за посетителите;
- Обраќање на Ваш претставник на свеченото отварање;
- Континуирана промоција на ТВ – радио – печатени медиуми кои ќе го најавуваат настанот недели пред одржување;
- Континуирано маркетиншко промовирање на Блогот на HFWE пред настанот со цел промовирање на Вашиот бизнис;
- Континуирано маркетиншко промовирање на Twitter/Facebook/YouTube/LinkedIn;
- Признание на страната за Спонзори на веб сајтот на Моментум, со хиперлинк до Вашата веб страна;
- Половина страна реклама во програмата на активности;
- Лого во програмата на активности;
- Една правоаголна/овална маса и 4 столици;
- 50 бесплатни влезици.

Health Fitness &Wellness Expo MOMENTUM

# Што да очекувам?

HEALTH, FITNESS & WELLNESS EXPO Е ДИЗАЈНИРАН ВО ИНТЕРАКТИВНИ ИЗЛОЖБЕНИ ПРОСТОРИ ВО КОИ ПОСЕТИТЕЛИТЕ ДИРЕКТНО ЌЕ МОЖАТ ДА ДОЈДАТ ВО КОНТАКТ СО ЕКСПЕРТИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ, И ДА СЕ КОНСУЛТИРААТ ЗА СЕ ОНА ШТО ГИ ИНТЕРЕСИРА ВО ОДНОС НА ЗДРАВИОТ ЖИВОТЕН СТИЛ.



Очекувајте интерактивна програма, стимулирачки фитнес демо програми, информации за здравје, велнес и фитнес, бесплатни здравствени тестирања, проверка на крвен притисок, бесплатни тестирања на индекс на телесна тежина, бесплатни мини масажи, козметички третмани, спортска опрема и облека по намалени цени, бесплатни примероци, дегустација на здрава храна, отворени сесии за вежбање, фитнес демонстрации, спортски активности и перформанси од спортски клубови, и многу повеќе.



